# Будење во
# трето лице еднина




Д.А. Лори

## Што сме, што ќе бидеме

Во мракот, светлина.

Во морето, река.

На планината, висина.

На бездната, излезот.

Ништо никаде не запира.

## Мир в куќи

Еве, ќе заборавам се,

Утрото ќе го маскирам во пладне

Сонот ќе го нашминкам со будност

Чашата ќе ми биде полна,

Половината ќе ми биде цела,

Ќе ги избришам трагите од чудење на челото,

Еве, ќе оставам се,

Раце в џеб, и боси стапала,

Лице на рамо ќе потпрам,

Прамен од косава ќе подарам,

Трипати преку лево рамо ќе поплукам,

Сè што е зло и опачина ќе превртам

И со ветрот под рака прашина ќе креваме.

Еве, ќе земам се,

Слика од местото каде што се оставив,

Онаа дирка од мртов клавир што ја имам на подарок,

Се што сакам и ме сака ќе го растурам по светов,

Ќе земам, ќе дадам, ќе ослободам,

Се што имам најдено ќе изгубам,

Ќе ја земам и онаа  желба да се најдам.

**Лепливи зборови**

*Ретко кажуваме што не е кажано претходно*

*Ми се крши срцево и јазикот.*

*Само што сакав да ја анализирам*

*Анатомијата на зборовите,*

*Умот ми застана под притисокот*

*На туѓите мисли и зборови*

Немало ништо освен ова небо порано

И ни трошка се нема сменето оттогаш

Го гледам....

Голема мрзлива стоногалка од облак

Само што не ја проголтал мојата омилена ѕвезда.

Ова бледо-сино небо во бескрајно воскреснување

Ми носи повеќе од она што можам да поднесам.

Жештината ми ги омлитавува сетилата,

Воздухот е полн со лепливи мисли,

Лепливи прсти околу лепливо пенкало,

Лепливи, лепливи зборови

## Што ми требаше да се сетам

Една обична сенка од дрво

Оптегната на плочникот,

И  јас сум во пеколот на сеќавањата,

 чувствата ми излегуваат

Како боцките на еж во опасност,

Кој се тркала надолу по ридот,

Доаѓа до најниската точка,

И продолжува да оди,

зашеметен, ама жив.

Те гледам  тебе, како ми ги приклештуваш  рамениците

На најголемото дрво во паркот,

Не кажуваш ништо, само гледаш.

 Можевме да останеме така  засекогаш.

Езерото можеше да исчезне,

Можеше и дрвото да го исечат,

 И пак ќе немаше друга реалност

Да му се спротивстави на тој момент.

Колку  присутно е сето тоа сега.

## Сон на летната ноќ

Кристална топка и светилка.

Каде ли ќе ја поминат ноќта?

Поле на средина од слика без рамка.

Кому му припаѓа тоа изгубено поле?

Сон јавнат од молчалива баба.

Нема јазик на кој би зборувала.

Некаде сигурно има мерка за далечина

Ама кој тоа ќе го знае.

Се чини, никогаш нема да дознаеме

до кај сме стигнале.

Наутро чуда се раѓаат.

На пола ден чудата во прашања се заплеткуваат.

Навечер истите во шега преминуваат.

Одот на пајакот по рушевините на обичајот...

Има ли одговор за непоколебливиот верник?

Деца одат на самиот раб од тротоарот...

Ќе ги исполнат ли желбите на светот?

Јас и ти и нашите бледи тела на летното сонце...

Вака ли ќе се бориме, со покорување?

## Несовршеност

Копнежот прв доаѓа, нè носи.

Нагоре... Бескрај и надеж,

Надолу...Бездна од неисполнети желби.

Сакаме рака, да нè дофати,

и џиновско око, да нè види,

насмевка, да нè развесели,

тура околу центарот.

Копнежот си бара љубов.

Двајца луѓе се држат за раце.

Се гледаат, очите им сјаат,

Се даваат во своите насмевки,

Стануваат центарот на светот.

Сепак, колку страшно е да се гледа

Моето тело со твое лице,

Твоето лице со моја насмевка,

Моите зборови, меѓу твоите,

Твојата љубов, како ја голта мојата,

Моите бои како ги исцртуваат твоите слики,

Твоите движења, како стануваат мои движења.

Да даваш и да делиш значи да се жртвуваш,

Да се изгубиш себеси, грев.

До што сме поблиску

кога се спојуваме?

Растргнати помеѓу осаменост и надеж,

Живеејќи помеѓу љубов и омраза,

Стоејќи помеѓу двоумење и одлука,

Компензираме за нашата несовршеност.

## Мирна вода

Ние сме вода,

мирна и тивка,

или мирна, матна,

тивка, зелена вода,

тивка , сина вода,

темна вода,

загадена, отровна.

Животот е секој камен фрлен во вода,

Секој звук и бран кој каменот го прави,

Сите прстени кои се вкрстуваат и прекршуваат.
Под секој камен останува малку вода заробена

Ама одиме, не стоиме.

Секоја вода се движи кон својот водопад.

## Замисли

Замисли свет без тајни,

без таинственост и звук,

без сонот кој не демне,

скриен во нас...

Замисли го светов

без случајни погледи и допири,

без сите зборови кои се раѓаат

за да насмеат или замолчат...

Колку малку ќе се прашувавме.

Колку помалку ќе нè имаше.

## Сомнеж и Непостојаност,
## братот и сестрата од пеколот

Што сè умови не изодев

за на последниот да застанам

и со сомнеж да го крунисам.

Какви сè мисли не искинав,

што сè погледи не врзав,

само за да  откријам.

Прво  другите ги убедуваме

 дека не се сомневаме.

А после истото  себеси си го кажуваме.

## Чудно и далечно

Сите ние имаме некое чудно лице,

Моето е бледо лице под пригушено светло

Со пеги и стегнати ноздрви,

И очи, полу-затворени, никогаш широко отворени.

И уста со врв од јазик во аголот.

Моето чудно лице е наместено на мисла,

Која многу често, долго трае,

И престанува да се крие, па ти ќе прашаш

“Што е работата?”,

А јас морам да се оддалечувам

За да не го видиш.

Ама ти никогаш не престануваш да прашуваш,

го нурнуваш твоето во моето лице

и погледнуваш длабоко,

оглувен од мојата воздишка.

Јас тука ништо не можам да направам,

Па ти признавам и жално си заминувам.

## Сакаш да кажеш, не знаеш како

Кога ти заминувам

Оставаш испружена рака.

Никој не знае дали

Нешто не си дозел

Или не си додал.

Кога ти заминувам,

Го косиш погледот,

Челото ти паѓа,

Остануваш да стоиш,молчалив,

како да не си се доискажал

Твоја грешка.

## Поблиску

Се изговори себеси

И сега живеам во твоето ехо,

Во оваа планина од гласови

На сите нешта што ги изрече

Овој зуеш од бучни мисли,

Па сепак, тишината е онаа која не разделува

Која расте до големина на вечност,

И повторно не зближува.

Што и да сум јас, е пуштено од синџир,

Моите чувства, спремни да трчаат како ѕверови.

И те стигнувам.

Колку поблиску сме, толку подобро гледам

Дека блиску е опасна оддалеченост

## Мермерна

Ни топлина даваш,

ни топлина примаш,

како  неплоден камен

кој не раѓа оган.

Таква  си по целата себе!

Толку си мазна.

ми се лизгаш од раце

кога ќе те фатам.

Не оставаш ни трага,

ниту гребнатинка,

кога зборуваш.

Ќе те чувам

дур не се скршиш.

**Повлекување**

Ако требаше да бидам единствената

И ако повторно бев несудената,

Врз кого ќе си ја истресеше милоста?

Кога треба да ме погледаш, немоќен да ме избегнеш,

А  не ни помислуваш  да се изустиш,

Како да ти возвратам, а да не се изнамачам?

Сите редови ги изедначуваш,

Сите чекори ти се пелцовани,

А јас само се проретчувам.

## Доцна

Доцна е сега мило.

Се одвоивме еден од друг,

како бебе што се лизнува од утроба.

Се преселивме на спротивните страни од вратата,

градејќи еден цел континент меѓу нас,

избегнувајќи патишта да се направат и патеки да се измислат.

Доцна е, знаеш.

Дури и птиците се заспани,

И ветрот е скриен во некое дрво,

И водата е застаната на бреговите за да се одмори.

Би се дрзнале ли да ги нарушиме

мирот и тишината на нашите

закопани сеќавања?

Не мило, доцна е.

Ние сме како пациент во кома кој се надева на рамна линија

## Си  молчам

Првиот ден кога ми кажаа дека те снемува
се собрав, станав густа и матна,
бев како крстозбор во кој
 сите зборови ми беа непознати.

Првиот ден кога те немаше
напукнав, како зрела лубеница
во која зариваш нож и се дели на пола.
Се отворив, зрела бев за болка.

Првите четириесет дена траеа две години.
Те видов насмеан, зачешлан, расплакан,
во кал до колении, качен на чатија, врзан за облак.
Меѓу мене и тебе, ни допир, ни глас.

Првите три месеци се довлечкаа
како црв по влажна земја.
Ти дојдов со војнички чекор,
си заминав како да газам по лизгави камења.
Она пламенчено од свеќата, кое се бореше со ветрот,
беше похрабро од мене.

Ќе те прашам нешто,
не мораш да ми одговориш.
Сигурен си дека си мртов?!

## Дур седев и слушав

Сите звуци на мигов ми се собираат,

како музика од џагор и пауза,

и по некој крик со извичник.

Се сеќавам, си заборавам,

И спремна сум за таа тивка казна,

мојот сон, и сите тајни улички и сокаци во него.

Да можев да ти го шепнам ветров,

Дур се лизга остатоков од денов

Зад покриви и планини,

Па да дојдеш и ти, да си дадеме име,

Да помолчиме заедно,

Да не се заборавиме.

**Ветување**

Еден ден,

Ќе се соберам во орев

И ќе се стркалам надолу,

Ќе се одбивам од секоја препрека

Од сите реки ќе бидам носена

Дур не се изморам, дур не се отворам,

Дур не се отплеткам и не полетам.

Еден ден,

Ќе се скријам во увото на бувот

Ќе се будам и легнувам

Во ритамот на неговото трепкање,

Ќе го учам потеклото на шумот,

На секое движење, мајка ќе му бидам,

Сите зборови на спиење ќе ги однесам

Еден ден,

Ќе си легнам покрај камен.

Раце на гради ќе си прекрстам.

Ветувам , очи нема да склопам,

Ниту пак трепки ќе сплетам,

Ќе стежнам од прашања.

Ќе се истрошам, само за да дознаам.